РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2841/10
11.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.07.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, Магдалена Довлева Давидовска, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година.
2. Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015г. и арх.бр.01-3976/1 од 27.10.2022г.
3. Предлог за давање одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024г.
4. Предлог за донесување на подзаконски акти за заштита на личните податоци.
5. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата од технички причини го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015г. и арх.бр.01-3976/1 од 27.10.2022г. Објасни дека поради донесените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2023 година и измените на Законот за медиуми во 2025 година, настанала потреба од измена и дополнување на постојното Упатство. Целта на предложените измени е во Упатството да се додадат рокови за постапување по решенијата на Агенцијата за изрекување мерка опомена и за новите субјекти што се регулирани со изменетите закони, како што се: онлајн медиумите, интернет порталите и давателите на платформи за споделување видеа. За сите други субјекти веќе има рокови утврдени во Упатството, но тоа само се дополнува за некои од новите законски одредби, како што е таа за заштита на личните податоци на малолетници и на обврската за обезбедување пристапност на медиумските услуги, обврска која важи за сите аудиовизуелни медиумски услуги. Се предлага Советот да го усвои Нацрт-упатството и тоа да се објави на веб-страницата на Агенцијата, по што ќе се отвори јавна расправа во траење од 60 дена. По завршување на јавната расправа, ќе се разгледаат сите пристигнати предлози, по што ќе се подготви Предлог-упатство и ќе биде ставено на разгледување на некоја од наредните седници на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015г. и арх.бр.01-3976/1 од 27.10.2022г., со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 60 дена, за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024г. Тој посочи дека потребата од измена на Планот за јавни набавки произлегува како последица на одлуките донесени на претходната седница на Советот, како што е одлуката за ребаланс на Финансискиот план, за спроведување на три набавки, и тоа: Набавка на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – односно интернет портали и социјални мрежи, со посебен фокус на инфлуенсери, Закуп на простор во дневни весници заради објавување на огласи, Обезбедување на

податоци добиени со електронско мерење на гледаност, поврзани со платеното политичко рекламирање, со детални информации за емитувано платено политичко рекламирање на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година. Со измената на Планот за јавни набавки, овие активности ќе бидат административно и финансиски покриени, во согласност со важечката законска регулатива.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од Петар Џуровски, даде одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за донесување на подзаконски акти за заштита на личните податоци. Таа информираше дека Агенцијата за заштита на лични податоци, кон крајот на 2024 година, донела нов Правилник за безбедност на обработка на лични податоци, кој започнал да се применува од 01.07.2025 година. Согласно овој нов Правилник, сите контролори на лични податоци, вклучително и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имаат обврска да ги усогласат своите постоечки интерни акти со неговите одредби. Митревска појасни дека Агенцијата и претходно имала донесено акти за безбедност на лични податоци, но со оглед на новите законски обврски, истите требало да се ревидираат и прилагодат. Секторот за правни работи и јавни набавки, по изработката на нацрт-документите, ги координирал активностите со офицерите за заштита на личните податоци, кои не изразиле забелешки во однос на усогласеноста на предложените акти со Законот за заштита на лични податоци и со новиот Правилник. Во прилог на материјалите за оваа точка се доставени следните предложени подзаконски акти: Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување, тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - кој се усогласува, Методологија за проценка на ризик - ова е нов акт кој произлезе од новиот Правилник, Политика за приватност - која е усогласена и дополнета, Политика за заштита на лични податоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилник за изменување и дополнување на постојниот правилник за начинот на вршење на видеонадзор на објектот каде што е сместено седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Гласање по Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со донесувањето на горенаведениот Правилник престануваат да важат: Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-5734/1 од 19.11.2014г. и арх.бр.01-3188/1 од 25.08.2021г., Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци арх.бр.01-5760/1 од 19.11.2014г. и арх.бр.01-3679/1 од 08.10.2021г., Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-5755/1 од 19.11.2014г. и арх.бр.01-3678/1 од 08.10.2021г., Упатство за примена на безбедносното правило за „чист екран“ и „чисто биро“ при обработка на лични податоци арх.бр.01-4154/1 од 10.11.2021г. и Упатство за начинот на водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3672/1 од 08.10.2021г.

Горенаведениот подзаконски акт, стапува во сила со денот на неговото донесување и истиот се објавува на огласната табла на Агенцијата.

*<u>Гласање по Методологија за процена на ризик</u>*

Советот на Агенцијата едногласно ја донесе Методологијата за процена на ризик.

Горенаведениот подзаконски акт, стапува во сила од денот на нејзино донесување и истата ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со денот на донесувањето на оваа Методологија престанува да важи Анализата на ризик бр.01-2373/1 од 14.06.2022 година.

*<u>Гласање по Политика за приватност</u>*

Советот на Агенцијата едногласно ја донесе Политиката за приватност.

*<u>Гласање по Политика за заштита на лични податоци на Агенцијата</u>*

Советот на Агенцијата едногласно ја донесе Политиката за заштита на лични податоци на Агенцијата, со текст како што беше предложена.

Со денот на донесувањето на горенаведената Политика престанува да важи Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3673/1 од 08.10.2021 година.

*<u>Гласање по Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во објектот каде е сместено седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во објектот каде е сместено седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт, влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој појасни дека потребата од измена и дополнување на постојниот правилник произлегува од измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кои членовите на Советот на Агенцијата влегуваат во редовен работен однос во самата Агенција. Со оглед на оваа законска новина, се наметнува потребата за усогласување на внатрешните нормативни акти на Агенцијата, конкретно за утврдување на условите и траењето на годишниот одмор за членовите на Советот, кои отсега ќе се третираат како вработени лица во Агенцијата. Се предлага Советот да го усвои Предлог-правилникот, со што ќе се обезбеди усогласеност со законските измени и ќе се регулира ова прашање на систематизиран и правно уреден начин.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на горенаведениот правилник.

Подзаконскиот акт да се објави на огласната табла на Агенцијата и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**